2155 Централна правосудна књижница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИ[СТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА]

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 5 мај 1969
Скопје
Број 17 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 3,20 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**103.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1971—1975 ГОДИНА

Се прогласува Законот за подготовките за донесување на Општествениот план за развој на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1971—1975 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1404
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## З А К О Н
## ЗА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1971—1975 ГОДИНА

Член 1

Општествениот план за развој на Социјалистичка Република Македонија (Републиката) се утврдува за периодот од 1971 до 1975 година.

Член 2

При изработката на Општествениот план за развој на Републиката се имаат во предвид целите за развојот и економските интереси и потреби на работните организации и нивните асоцијации, самостојните општествени институции (фондови, заедници и сл.) преку кои се финансираат одделни општествени потреби односно дејности, како и развојните можности на општините, утврдени врз основа на самоуправно и општествено договарање и усогласување во подготовките за донесување на нивните планови за развој на периодот за кој се донесува Општествениот план за развој на Републиката.

Член 3

За донесување на Општествениот план за развој на Републиката самостојните општествени институции во своите планови за развој ќе ги искажат елементите на својот развој за периодот од 1971—1975 година и веднаш ќе пристапат кон подготовките за нивното донесување, соодветно на работните организации и другите општествени носители на планови за развој.

Член 4

Работните организации, нивните асоцијации, самостојните општествени институции и општините при изготвувањето на плановите за развој, покрај минимумот на показатели што ги утврдува Сојузниот завод за стопанско планирање, ги применуваат и проширените показатели што ќе ги утврди Републичкиот завод за општествено планирање по претходно мислење од Стопанската комора на Македонија и од Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Член 5

Предлог-планот за развој на Републиката за периодот од 1971 до 1975 година, Извршниот совет ќе му го достави на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во рок од три месеци по доставувањето на Предлог-планот за развој на Југославија на Сојузната скупштина.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**104.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ ВО ПЕРИОД ОД 1967 ДО 1970 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за дополнителните средства на општините во период од 1967 до 1970 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Организационо-политичкиот собор одржана на 25 април 1969 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1402
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ ВО ПЕРИОД ОД 1967 ДО 1970 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за дополнителните средства на општините во периодот од 1967 до 1970 година („Службен весник на СРМ“, бр. 5/67) во членот 2 став 1 под „12 Кале, 1,388,000“ се брише.

Член 2

Во член 4 став 1 под „6. Кале 5,548,000“ се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1. I. 1970 година.

**105.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИНВЕСТИЦИОНАТА ИЗГРАДБА НА ХИДРОЕНЕРГЕТСКИОТ ОБЈЕКТ „ШПИЉЕ"

Се прогласува Законот за изменување на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во инвестиционата изградба на хидроенергетскиот објект „Шпиље",

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1401
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИНВЕСТИЦИОНАТА ИЗГРАДБА НА ХИДРОЕНЕРГЕТСКИОТ ОБЈЕКТ „ШПИЉЕ"

Член 1

Во Законот за учеството на Социјалистичка Република Македонија во инвестиционата изградба на хидроенергетскиот објект „Шпиље" („Службен весник на СРМ" бр. 36/66) во членот 1, став 1, алинеа 2 бројот „110,0" се заменува со бројот „152,4".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**106.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИНВЕСТИЦИОНАТА ИЗГРАДБА НА ХИДРОЕНЕРГЕТСКИОТ ОБЈЕКТ „ТИКВЕШ"

Се прогласува Законот за изменување на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во инвестиционата изградба на хидроенергетскиот објект „Тиквеш",

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1400
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИНВЕСТИЦИОНАТА ИЗГРАДБА НА ХИДРОЕНЕРГЕТСКИОТ ОБЈЕКТ „ТИКВЕШ"

Член 1

Во Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во инвестиционата изградба на хидроенергетскиот објект „Тиквеш" („Службен весник на СРМ" бр. 36/66), во член 1, став 1, алинеа 2 бројот „15,0" се заменува со бројот „33,3".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**107.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за придонесот за користење на градско земјиште,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1399
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Општинското собрание со одлука може да определи: како градско земјиште и земјиште што се наоѓа вон потесниот градежен реон во границите на подрачјето опфатено со урбанистичкиот план или одлука што тој план го заменува ако подрачјето за кое се пропишува комунален придонес е опремено со комунални објекти и инсталации од заедничко и индивидуално комунално користење.

Комуналниот придонес во смисла на претходниот став се определува во зависност од степенот на опременоста со комунални објекти и инсталации.

Потесниот градежен реон во смисла на став први од овој член опфаќа земјиште што е национализирано со одлука на општинските собранија врз основа на Законот за национализација на наемни згради и градежно земјиште како и со Законот за определување градежно земјиште за одделни градови и населби од градски карактер („Службен весник на СРМ" бр. 26/68).

Член 2

Поголем придонес за деловните простории општинските собранија можат да пропишат согласно член 6 од Основниот закон за придонесот за користење градско земјиште за локациите кои даваат посебни погодности за стопанисување а според следните единствени мерила:

1. положбата на земјиштето во поглед на фреквенцијата на потрошувачите;
2. прометната поврзаност на земјиштето со приградските подрачја;

3. степенот на опременоста на земјиштето со комунални уреди и инсталации;

4. поповолната положба на деловниот простор спрема улицата и подобрата положба на деловниот простор во зградата.

Локациите што даваат посебни погодности за стопанисување, општинското собрание може да ги разврсти во една или повеќе деловни зони, во кои за деловниот простор би се плаќало поголем придонес за користење на градското земјиште.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**108.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за воведување републички данок на промет на стоки на мало,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1406
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО

Член 1

Во Законот за воведување републички данок на промет на стоки на мало („Службен весник на СРМ", бр. 37/66, 3/68, 26/68 и 45/68) во член 1 став 2 ред 3 по бројката 2,5% се додаваат зборовите „По истата стопа ќе се наплатува и републички данок на промет на стоки на мало на моторните возила што ги уведуваат граѓаните и граѓанско-правните лица.

Став 3 се менува и гласи:

„По исклучок од претходниот став републичкиот данок на промет на алкохолните пијалоци ќе се пресметува по единица на мерка во фиксни износи:

| | Динари |
|---|---|
| а) пиво (од литар) | 0,25 |
| б) вештачки ракии (од литар): | |
| — јачина до 25 вол. % алкохол | 0,50 |
| — јачина над 25 вол. % алкохол | 1,00 |
| в) специјални вина (десертни ликерски и ароматизирани) и десертни пијалоци, кога набавната цена по еден литар изнесува: | |
| — до 7,00 динари | 0,40 |
| — над 7,00 до 10,00 динари | 0,50 |
| — над 10,00 динари | 1,00 |
| г) ликери и жестоки алкохолни пијалоци, кога набавната цена по еден литар изнесува: | |
| — до 12,00 динари | 1,00 |
| — над 12,00 до 17,00 д. | 2,00 |
| — над 17,00 динари | 4,00 |
| д) природни ракии: | |
| — јачина до 40° | 0,20 |
| — јачина над 40° | 0,30 |
| ѓ) природно вино | 0,10 |

Член 2

Член 2 став 1 се менува и гласи:

„Од приходите што ќе се остварат од републичкиот данок на промет ќе се издвојува 10% на одделна сметка на Републиката за учество во изградбата на културни домови во општините, а остатокот се отстапува:

— на Републичката заедница за образованието и воспитувањето во износ од 60%, и

— на општината Дебар во износ од 40% за отстранување на последиците предизвикани од земјотресот од 30 ноември 1967 година".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а одредбите од член 1 на овој закон ќе се применуваат од 1 мај 1969 година.

---

**109.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНИТЕ

Се прогласува Законот за воените инвалиди од војните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 28 април 1969 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 28 април 1969 година.

Бр. 1405
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНИТЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се регулираат: правата и посебните услови, покрај оние што се пропишани со Законот за воените инвалиди од војните (Сојузен закон), од кој зависи правото на инвалидски додаток; висината на инвалидскиот додаток и елементите од кои таа зависи; условите под кои на воените инвалиди од војните им припаѓа материјално обезбедување за време на траењето на професионалната рехабилитација и неговата висина; висината на паушалниот надоместок на име трошоци за поправка на моторно возило и начинот на исплатувањето, видот на моторното возило и обемот на осигурувањето на возилото; поблиските услови за добивање на регрес при купувањето на моторно возило, висината на регресот, елементите од кои зависи регресот и дејството на отуѓувањето на возилото врз добиениот регрес; начинот на регулирање односите со природните лекувалишта што укажуваат здравствена заштита и со организациите што произведуваат протези, ортопедски и други помагала и санитарни справи; индикациите за лекување во природни лекувалишта и начинот на кој се остварува тоа лекување; начинот и постапката за добивање протези, ортопедски и други помагала и санитарни справи, како и стручната контрола на истите; определувањето на органот што ќе донесе поблиски прописи за начинот на исплатувањето на инвалидските принадлежности, како и определува-

њето на органот што ќе го пропише образецот и начинот на издавањето и на употребата на инвалидската здравствена книшка.

Член 2

Финансиски средства за остварување на правата на воените инвалиди од војните од претходниот член обезбедува Републиката.

## II. ИНВАЛИДСКИ ДОДАТОК

Член 3

Уживателите на лична и семејна инвалиднина (уживатели на инвалиднина) имаат право на инвалидски додаток ако покрај условите пропишани со Сојузниот закон ги исполнуваат и следните посебни услови:

1) да не се уживатели на старосна или инвалидска или семејна пензија поголема од 160 динари;

2) тие и определени членови на нивното семејство да немаат месечно по член на семејството личен доход од земјоделска дејност поголем од 65 динари или други редовни приходи поголеми од 160 динари.

Член 4

Висината на инвалидскиот додаток месечно изнесува:

1) за уживателите на инвалиднина коишто немаат приходи — 300 динари;

2) за уживателите на инвалиднина коишто имаат приходи — разликата помеѓу висината на приходите и основот од 160 динари.

Инвалидскиот додаток од точка 2 од претходниот став се зголемува:

— за уживателите на инвалиднина чие домаќинство нема приходи од земјоделство — за 75%;

— за уживателите на инвалиднина чие домаќинство има приходи од земјоделство — за 50%.

На воените инвалиди од војните кои се самохрани или боледуваат од активна туберкулоза како и на самохраните уживатели на семејна инвалиднина им се зголемува инвалидскиот додаток за 100 динари месечно, ако нивното домаќинство нема преходи од земјоделство.

Член 5

Како личен доход од земјоделска дејност, од кој, во смисла на овој закон, зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета катастарскиот приход од претходната година на зголемен двапати, односно не зголемен ако земјата е дадена под закуп на работна организација.

За инвалидите од војните од I и II група со нега и помош од страна на друго лице како и за вдовица и деца на инвалиди на кој му припаѓал додаток за нега и помош од страна на друго лице како личен доход од земјоделска дејност, од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета катастарскиот приход од претходната година намален за 50%.

За самохрани инвалиди или самохрани уживатели на семејна инвалиднина како личен доход од земјоделска дејност, од кој, во смисла на овој закон, зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета катастарскиот приход од претходната година.

Ако земјоделско земјиште е дадено под закуп на работна организација за земјоделско производство со доживотна закупнина, како личен доход од земјоделска дејност, од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета месечниот износ на закупнината, ако тоа земјиште по смртта на сопственикот преоѓа во општествена сопственост.

Член 6

Под други редовни приходи, во смисла на овој закон, се подразбираат: личен доход од работен однос, личен доход од самостојно вршење на занаетчиски или други стопански дејности, личен доход од самостојно вршење на интелектуални и други нестопански услуги, стипендија што ја прима уживателот на инвалиднина, пензија на уживателот на инвалиднина и на членовите на неговото семејство (член 29 од Сојузниот закон) и приходи од имот и згради, освен приходите од сопствениот стан во кој уживателот на инвалиднина живее.

Ако уживателот на инвалиднина или членовите на неговото потесно семејство живеат на земјоделско земјиште на роднини (браќа и сестри, родители, свекор и свекрва, тест и тешта, дедо и баба) кои се сопственици односно обврзници на придонесите од личниот доход од земјоделска дејност од тоа земјиште, како приход од земјоделска дејност, во смисла на овој закон, се зема и сразмерен дел на доходот од земјоделската дејност постигнат на тоа земјиште кој отпаѓа на уживателот на инвалиднина заедно со неговото потесно семејство.

Член 7

Како личен доход на работен однос на членови на домаќинството, кој во смисла на претходниот член се пресметува во приход од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета просечниот месечен личен доход остварен од работен однос во претходната година односно во првиот месец по стапувањето во работен однос, ако лицето стапило во работен однос во текот на годината, намален за 67%.

Како пензија на уживателот на инвалиднината односно на членот на домаќинството, која во смисла на член 6 став 1 од овој закон се пресметува во приход од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета старосната, инвалидската и семејна пензија од месец декември на претходната година односно од првиот месец, ако со пензија се здобил во текот на годината, и тоа пензијата на уживателот на инвалиднина намалена за 33%, а пензијата на членот на домаќинството намалена за 70%.

Како личен доход од самостојно вршење занаетчиски и други стопански и нестопански дејности односно како приход од имоти и од згради, кои во смисла на претходниот член се пресметуваат во приход од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета доходот односно приходот од претходната година што служел како основица за определување на придонеси односно на данок.

Член 8

Ако соуживатели на семејни инвалиднини живеат заедно, инвалидскиот додаток определен според член 4 од овој закон им припаѓа на рамни делови.

Ако семејна инвалиднина уживаат повеќе лица кои од оправдани причини живеат одвоено (разведени родители, деца родени во брак и деца родени вон брак итн.), а приходите не им произлегуваат од заеднички извори, инвалидски додаток им припаѓа само на оние соуживатели што исполнуваат услови за стекнување право на инвалидски додаток.

Ако два или повеќе соуживатели на семејна инвалиднина од претходниот став ги исполнуваат условите за примање на инвалидски додаток, на секој од нив му припаѓа износот што би му припаднал како на самостоен уживател, со тоа да збирот на тие износи не може да го мине основот за одредување на инвалидски додаток зголемен според член 30 став 2 од Сојузниот закон и според член 4 од овој закон. Ако збирот на тие износи е поголем, инвалидски додаток му припаѓа на секој од соуживателите во сразмера со износот што би им припаѓал како на самостојни соуживатели.

Ако во случајот од претходниот став еден од соуживателите на инвалидскиот додаток ги исполнува условите за зголемување на инвалидскиот додаток по основ на самохраност (член 4 став 3 од овој закон) му припаѓа и тоа зголемување. Ако два или повеќе соуживатели ги исполнуваат условите за зголемување на инвалидскиот додаток по основ на самохраност износот на тоа зголемување им припаѓа на рамни делови.

Член 9

Делот од личниот доход од земјоделска дејност и од други редовни приходи, од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, кој се паѓа на уживателите на инвалиднина, се утврдува така што вкупниот приход се дели на уживателот и на сите членови на неговото домаќинство (брачен другар, деца и родители), како и на членовите на потесното семејство на детето на уживателот кои тоа или уживателот ги издржува, а кои живеат во исто домаќинство. Во членовите на домаќинството на кои се дели приходот се вбројуваат и полнолетните членови на потесното семејство на детето на корисникот кои живеат на земјоделски имот и се издржуваат исклучиво од приход од тој имот.

Ако родителот со кој уживателот на инвалиднина живее во исто домаќинство, но не на земјоделско земјиште, има личен доход од земјоделска дејност или од друг имот кој во смисла на член 5 од овој закон се зема во предвид при оценувањето на правото на инвалидски додаток, во членови на домаќинството на кои се дели приходот се вбројуваат и членовите на потесното семејство кои родителот ги издржува, а кои живеат во исто домаќинство или на тој земјоделски имот.

Член 10

Ако уживателот на инвалиднина живее на земјоделски имот со роднини (браќа и сестри, свекор и свекрва, тест и тешта, дедо и баба) приходот од земјоделскиот имот, од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се утврдува така што катастарскиот приход се дели на сопственикот, уживателот на инвалиднина и на сите полнолетни роднини законски наследници на сопственикот. Малолетните членови на домаќинството во делбата учествуваат само по правото на претставување на умрените родители.

Член 11

На уживателот на инвалидски односно семеен додаток кој што се наоѓа на лекување во стационарна здравствена установа ако не издржува членови на семејството од член 8 од Сојузниот закон кои што не се со него соуживатели на инвалидскиот односно семејниот додаток му се исплатува инвалидскиот односно семејниот додаток за првите 30 дена лекување во ненамален износ, а за лекување преку 30 дена — 50% од инвалидскиот односно семејниот додаток. Ако издржува членови на семејството, на уживателот на инвалидскиот односно на семејниот додаток му се исплатува инвалидскиот односно семејниот додаток во ненамален износ без оглед на траењето на лекувањето.

Ако еден соуживател на инвалидскиот додаток се наоѓа на лекување во стационарна здравствена установа, на останатите соужавители им се исплатува нивниот дел од инвалидскиот додаток без зголемување на инвалидскиот додаток за тој соуживател предвидено во член 30 став 2 од Сојузниот закон.

Одредбите од став 1 од овој член за исплата на инвалидскиот додаток во намален износ нема да се применуваат на децата — уживатели на инвалидскиот, семејниот и на посебниот инвалидски додаток.

Член 12

Износите на инвалидскиот додаток се заокружуваат на тој начин што износите преку целиот динар кои се помалку од 50 пари не се земаат во предвид, а износите од 50 пари или поголеми се земаат како цел динар.

Член 13

Одлука за усогласување на инвалидскиот додаток во смисла на член 44 од Сојузниот закон врз основа на движењето на трошоците на животот во Републиката донесува Извршниот совет.

## III МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ ТРАЕЊЕТО НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Член 14

Основот за определување висината на материјалното обезбедување на воените инвалиди од војните за време траењето на професионалната рехабилитација изнесува 285. — динари.

Висината на материјалното обезбедување за време траењето на професионалната рехабилитација се утврдува на тој начин што од износот од претходниот став се одбива износот на приходите кој отпаѓа на воените инвалиди како член на домаќинството.

Ако материјалното обезбедување пресметано на начинот од претходниот став изнесува помалку од 30 динари, инвалидот има право на минимален износ на материјалното обезбедување од 30 динари.

Член 15

Висината на материјалното обезбедување зависи од вкупниот износ на приходите од земјоделска дејност и на другите редовни приходи на воениот инвалид и на членовите на неговото семејство и тоа на брачниот другар, децата и родителите, со кои живее во заедничко домаќинство.

Член 16

По однос на висината на приходите од кои зависи висината на материјалното обезбедување сходно се применуваат цензусите од кои зависи висината на инвалидскиот додаток.

Член 17

На воениот инвалид, кој во установа во која се спроведува професионална рехабилитација има бесплатно сместување и исхрана, му се намалува материјалното обезбедување на 50%, ако не издржува семејство.

Во случај од претходниот став минималниот износ на материјалното обезбедување од член 14 став 3 на овој закон не се намалува.

Член 18

Ако професионалната рехабилитација се врши надвор од местото на живеењето, а рехабилитацијата не може да се обезбеди со постојанен превоз од местото на живеењето до местото во кое се врши рехабилитацијата, на воениот инвалид на кој не му е обезбедено бесплатно сместување и исхрана за време на престојот во местото во кое се врши рехабилитацијата му се исплатува, покрај материјалното обезбедување и зголемување на материјалното обезбедување за одвоен живот во износ од 50.— динари, а ако издржува семејство во износ од 100.— динари месечно.

Ако со оглед на оддалеченоста на станот на воениот инвалид од организацијата односно установата во која се врши рехабилитацијата е неопходно користење на превозни средства, а на инвалидот не му е обезбеден посебен превоз, материјал-

ното обезбедување се зголемува за износот на трошоците на јавниот сообраќај, што го користи инвалидот.

Член 19

Воениот инвалид на кој му престанал работниот однос поради тоа што го користи правото на професионалната рехабилитација може да бара, на место материјално обезбедување според овој закон да му се признае материјално обезбедување во висина и под услови од член 106 и 107 од Основниот закон за инвалидското осигурување, ако во периодот од 5 години пред поднесувањето на барањето за професионална рехабилитација има најмалку две години стаж на осигурување.

Од материјалното обезбедување, определено по одредбите од претходниот став, се одбива пензијата која инвалидот ја прима по прописите на социјалното осигурување.

Член 20

На воениот инвалид кој во текот на професионалната рехабилитација се наоѓа на лекување во стационарна здравствена установа за тоа време му се намалува материјалното обезбедување не сметајќи го зголемувањето на материјалното обезбедување предвидено во член 18 од овој закон, по начелата што важат за намалување на пензијата на уживателите на лична пензија кои се наоѓаат на лекување во таквите установи.

## IV. НАДОМЕСТОК ПРИ КУПУВАЊЕ НА МОТОРНО ВОЗИЛО, ПАУШАЛЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПОПРАВКА НА МОТОРНО ВОЗИЛО И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНО ВОЗИЛО

Член 21

Надоместокот при купување на моторно возило (регрес) што се одобрува на воен инвалид, во смисла на член 68 од Сојузниот закон, зависи од процентот на инвалидитетот и од редовните приходи определени со овој закон на инвалидот и членовите на неговото домаќинство и изнесува:

— за инвалиди со телесно оштетување на долните екстремитети со 100% инвалидитет и слепи инвалиди — 40% од основицата;

— за инвалиди со телесно оштетување на долните екстремитети со 80 или 90% инвалидитет — 35% од основицата;

— за инвалиди со телесно оштетување на долните екстремитети со 60 или 70% инвалидитет — 30% од основицата.

Регресот се зголемува за 10% ако приходите не изнесуваат повеќе од 300.— динари месечно по член на домаќинството.

Делот од приходите кој отпаѓа на членот на домаќинството се пресметува на начинот што е определен за пресметување на приходите во врска со оценувањето на правото на инвалидски додаток; доходот од земјоделство се зема во предвид според катастарскиот приход во стварниот износ, а останатите редовни приходи ненамалени.

Член 22

Основицата за определување на регресот при купување на патничко моторно возило изнесува 17.000.— динари, а при купување на моторцикал или скутер основица претставува продажната цена на возилото.

Член 23

Инвалидот има право на регрес еднаш во шест години за патничко моторно возило, а еднаш во три години за моторцикал или скутер.

Ако инвалидот на кого му е даден регрес го отуѓи возилото пред истекот на рокот од претходниот став, должен е да врати сразмерен дел од регресот сметајќи од првата наредна година во која го отуѓил возилото па до истекот на рокот од шест односно три години и тоа за секоја година по една шестина односно по една третина од вкупниот износ на регресот.

Член 24

Висината на паушалниот надоместок на име трошоци за поправка на моторно возило од член 67 од Сојузниот закон изнесува месечно:

| | |
|---|---|
| — за првата година употреба | 40 динари |
| — за втората година употреба | 50 динари |
| — за третата година употреба | 70 динари |
| — за четвртата година употреба | 90 динари |
| — за петтата година употреба | 110 динари |
| — за шестата година употреба | 130 динари |
| — за секоја натамошна година | 150 динари |

Паушалниот надоместок од претходниот став го исплатува општинскиот орган на управата надлежен за работите на инвалидско-боречката заштита полугодишно однапред во месеците јануари и јули за календарската година по пат на банчина испратница.

Член 25

Надоместок на трошоците за осигурување на моторно патничко возило со запремина од 1.000 $cm^3$ што му припаѓа на воен инвалид според член 67 од Сојузниот закон изнесува 100% од износот за осигурување на моторно возило (каско) определен според правилата и тарифата на осигурителниот завод и 100% од износот според прописите за задолжително осигурување.

Разликата помеѓу премијата за осигурување на возилото од претходниот став и премијата за осигурување на возило со поголема запремина ќе ја сноси инвалидот.

## V. ЛЕКУВАЊЕ ВО ПРИРОДНИ ЛЕКУВАЛИШТА

Член 26

Односите со природните лекувалишта за лекување на воените инвалиди од војните се регулираат со договори што ги склучува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика во почетокот на годината.

Со договорот од претходниот став се утврдува особено: видот, обемот и квалитетот на здравствените услуги, рокот во кој лекувалиштето го повикува инвалидот на лекување, кој не може да биде подолг од еден месец, сместајот и исхраната што им се обезбедува на инвалидите за времето на лекувањето, цената на услугите, начинот на пресметувањето и плаќањето на услугите и други права и обврски.

Член 27

Инвалидите се упатуваат на лекување во природните лекувалишта ако такво лекување е неопходно според медицинските индикации.

Предлог за упатување на инвалид во природно лекувалиште за лекување од определена болест се дава само ако инвалидот во текот на последната година е лекуван од таа болест медикаментозно, оперативно, диететски или со физикална терапија.

Член 28

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на инвалидско-боречката заштита (општински орган на управата) го упатува инвалидот во природно лекувалиште што го определила лекарската комисија.

Член 29

Се смета дека во смисла на овој закон постојат медицински индикации за лекување во природни лекувалишта ако прегледаниот инвалид боледува од некоја од болестите индицирани за лекување во природните лекувалишта.

Индикациите и контраиндикациите за лекување во природните лекувалишта ги пропишува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Член 30

Лекувањето на инвалидите во природно лекувалиште, според овој закон, трае 21 ден.

По исклучок лекувањето на инвалид во природно лекувалиште може да се продолжи до 21 ден ако продолжувањето на лекувањето е неопходно. До 7 дена лекувањето може да го продолжи лекарот на лекувалиштето, а за повеќе од 7 дена — надлежната лекарска комисија од член 33 од овој закон.

Придружникот, кој што е неопходен за времето на лекувањето, има право на сместај и исхрана за целото време додека е со инвалидот во лекувалиштето.

Член 31

Во постапката за упатување на инвалиди во природните лекувалишта на лекување учествуваат: лекар поединец односно здравствена установа, првостепена лекарска комисија и лекарска комисија при Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика (второстепена лекарска комисија).

Член 32

Ако лекарот поединец или здравствената установа во која што инвалидот се лекува утврди, дека на инвалидот му е неопходно лекување во природно лекувалиште, дава образложен предлог на образецот „Болеснички лист за лекување на воени инвалиди од војните во природните лекувалишта" (болеснички лист) и го доставува до првостепената лекарска комисија преку општинскиот орган на управата на чие што подрачје инвалидот живее.

Инвалидот којшто не е доволен со мислењето на лекарот поединец може да изјави приговор до првостепената лекарска комисија веднаш штом ќе му биде соопштено мислењето на лекарот и тој се забележува во определената рубрика на болесничкиот лист што го потпишува и инвалидот.

Образецот на болесничкиот лист и неговата употреба ги пропишува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Член 33

Првостепената лекарска комисија се состои од три члена — два члена се лекари (интернист и хирург), а еден претставник од општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ — од редовите на воените инвалиди од војните.

Членовите на првостепената лекарска комисија, подрачјата на кои тие ја вршат својата должност и седиштата на тие комисии ги определува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Административните работи на првостепената лекарска комисија ги врши општинскиот орган на управата при кој постои таа комисија.

Член 34

Ако првостепената лекарска комисија утврди дека се исполнети условите за лекување на инвалидот во природно лекувалиште (член 27 и 29), таа определува лекувалиште во кое инвалидот треба да се лекува.

Ако првостепената лекарска комисија најде дека на инвалидот му е потребен придружник за време на патувањето, таа ќе оцени дали на инвалидот му е потребен придружник и за време на лекувањето во лекувалиштето.

Член 35

Против мислењето на првостепената лекарска комисија со кое не е усвоен предлогот на лекарот поединец односно на здравствената установа (член 32) инвалидот може да изјави приговор до второстепената лекарска комисија во рок од 8 дена од денот на соопштувањето.

Член 36

Второстепената лекарска комисија се состои од четири члена: три члена се лекари (интернист, хирург и неуролог), а еден е претставник од Републичкиот одбор на сојузот на здруженијата на борците од НОВ, од редовите на воените инвалиди од војните.

Членовите на второстепената лекарска комисија ги определува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Административните работи на второстепената лекарска комисија ги врши Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика.

Член 37

Второстепената лекарска комисија дава мислење врз основа на медицинската документација и ако најде за потребно може инвалидот да го повика на преглед.

Мислењето на второстепената лекарска комисија е конечно.

Член 38

Општинските органи на управата водат евиденција и здравствени досиеа со медицинска документација на инвалидите лекувани во природни лекувалишта.

Образецот на евиденцијата и начинот на чувањето на здравствените досиеа ги пропишува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Член 39

Начинот на работата на лекарските комисии и повикувањето на воен инвалид на преглед и упатувањето во природно лекувалиште, поблиску ги определува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика ќе го пропише и образецот на инвалидската здравствена книшка од член 104 став 2 од Сојузниот закон, како и начинот на нејзиното издавање и употреба.

## VI. СНАБДУВАЊЕ СО ПОМАГАЛА

Член 40

За обезбедување протези, ортопедски и други помагала и санитарни справи (помагала), за замена на помагалата пред или по утврдениот рок и за поправка на помагалата на воените инвалиди од војните, постапка покренува и води општинскиот орган на управата на чие подрачје инвалидот живее по барање на инвалидот.

Член 41

По приемот на барањето за добивање помагала, за замена на помагала пред или по утврдениот рок, како и за поправка на помагалата, општинскиот орган на управата инвалидот го упатува до лекарот од соодветната специјалност заради преглед.

По извршениот преглед над инвалидот лекарот од претходниот став дава мислење за потребата од помагало и за неговиот вид, како и за замена на помагалото пред и по утврдениот рок на употребата или за неговата поправка. Со мислењето

на лекарот се определуваат и потребните медицински и технички елементи за изработка односно поправање на помагалото.

Член 42

Односите со работните организации што произведуваат односно набавуваат помагала се регулираат со договори што ги склучува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Договорот од претходниот став содржи особено: одредби за квалитетот, за гарантните рокови и за обврските на работната организација во случај на расипување или на неупотребливост на помагалото пред истекот на гарантниот рок ако до тоа дошло без вина на инвалидот, рокот за испорака на помагалото, цената на помагалото и начинот на пресметувањето и плаќањето.

Член 43

Инвалидот добива помагало врз основа на решение на општинскиот орган на управата од работната организација со која републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика склучил договор за изработка на помагалото.

Помагалото што ќе се изработи по мерка работната организација може да му го испорачи на инвалидот дури тогаш кога стручната контрола ќе утврди дека помагалото е од добар квалитет и дека функционално е исправно.

Стручната контрола на помагалото што се изработува по мерка ја врши посебна комисија што ја именува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Комисијата од претходниот став се состои од три члена: лекар специјалист од соодветната специјалност, инженер односно техничар за ортопедски помагала и претставник на Здружението на воените инвалиди од војните.

Член 44

Инвалидите коишто имаат право на здравствена заштита по два или по повеќе основи можат да користат помагала само по еден основ.

Член 45

Општинскиот орган на управата води евиденција за инвалидите што примаат помагала.

Образецот на евиденцијата го пропишува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 46

Поблиски прописи за начинот на исплатувањето на инвалидските принадлежности според овој закон донесува републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Член 47

Решенијата врз основа на кои е исплатуван инвалидскиот додаток до влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласат со неговите одредби во рок од пет месеци од неговото влегување во сила.

Член 48

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од првиот ден на наредниот месец по неговото влегување во сила.

**110.**

Врз основа на член 138 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 10 април 1969 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор одржана на 26 април 1969 година, донесе

## РЕЗОЛУЦИЈА
## ЗА ОСНОВИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКАТА

I

Тргнувајќи од анализите и оценките изложени во документот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија „Основи на законодавната политика на Републиката", од мислењата на Извршниот совет и одборите на соборите изнесени при разгледувањето на тој документ, како и од ставовите на Комисијата за уставни прашања за натамошниот развој на општествено-политичкиот и општествено-економскиот систем и остварувањето на Уставот во областа на нормативната функција на општествено-политичките заедници и работните организации, Собранието на Социјалистичка Република Македонија констатира:

— По донесувањето на Уставот вложувани се сериозни напори републичкото законодавство да се усогласи со Уставот. Усогласувањето на републичкото законодавство со Уставот е остварено во предвидениот рок и во мерка што го овозможуваше тој рок и искуството во оценките на тогаш достигнатиот развиток на општествено-економските и политичките односи. Во тие услови беше објективно неможно републичкото законодавство во целина да се прилагоди на начелата на уставот, а особено во поглед на положбата на работните луѓе во работните организации и граѓаните во општината. Соодветно влијание на републичкото законодавство има и сојузното законодавство кое често пати излегува надвор од рамките на функциите на федерацијата и е значително пошироко и поисцрпно од колку што одговара на уставните начела. Сојузното законодавство уредувајќи ги во одделни области во целост односите и институтите ја стеснува законодавната функција на републиката. Со ваков обем на нормирање се оневозможуваше поактивно учество на републиките во регулирање на општествените односи.

— Во законодавството на Републиката се уште во прилична мерка има непотребен нормативизам што се изразува низ неоснованото сеопфатно регулирање на општествените односи, што е главно, последица на поранешните концепции и односи во правниот систем. Таквото законодавство, заедно со практиката на сојузната легислатива, претставуваше определена пречка во развитокот на нормативната функција на општините и работните организации. Тоа доведе и до неоснован нормативизам во општините и работните организации во работите што им беа предоставени за уредување, со што се отежнуваше самостојното и самоуправното делување на работниците и граѓаните во нивните работни и други самоуправни организации.

— Во одделни области републичкото законодавство ги надминуваше рамките на правата и должностите на Републиката. Ова особено се манифестираше при уредувањето на односите кои според Уставот спаѓаат во функции на општината или во самоуправен делокруг на работните организации, што се должеше помеѓу другото и на сеопфатеноста на сојузните основни закони и обврските за републиките што се утврдуваа со нив.

— Односите меѓу федерацијата и републиките посебно во областа на законодавството утврдени со измените на уставите, како и процесите на општествената и стопанската реформа создаваат можности

и налагаат, републичкото законодавство да стане порешавачки фактор во уредувањето на општествените односи кога се тие предмет на законско нормирање, зашто предметот и обемот на сојузното законодавство е знатно стеснет. Со него имено, ќе се уредуваат само оние односи што се утврдени со Уставот како работи од заеднички интерес. Републичкото законодавство на тој начин реализирајќи се во многу поширок обем и предмет, значително ќе придонесе во изградувањето на единствениот југословенски правен систем, изразувајќи ги во рамките на тој систем и особеностите на републиката.

II

Во остварувањето на начелата на Уставот за самоуправно уредување на општествените односи особено во условите на остварувањето на целите на општествената и стопанската реформа, републичкото законодавство, иако со знатно пошироки можности за регулирање, треба да ги нормира само оние односи што го обезбедуваат остварувањето на заедничките интереси на граѓаните, работните луѓе и нивните заедници во Републиката.

Ваков обем на републичкото законодавство создава услови за самоуправно и самостојно делување на граѓаните во општините и на работните луѓе во организациите на здружениот труд.

Во остварувањето на законодавната политика и во изградувањето на правниот систем позначајно место треба да имаат актите што немаат задолжителен карактер туку вршат општествено насочување.

Тргнувајќи од изложените поставки законодавната политика на Републиката треба да обезбеди:

— натамошно развивање и јакнење системот на самоуправувањето во сите области од општествениот живот, а посебно во сферата на слободниот здружен труд со средствата за производство во општествена сопственост;

— создавање на услови граѓаните и работните луѓе самостојно да ги уредуваат оние меѓусебни односи во општината и работната организација што не налагаат, заради општ интерес, нормативно уредување;

— обезбедување на услови за остварување на со Уставот утврдените функции на општината;

— овозможување на работните и другите самоуправни организации да ги остваруваат своите самоуправни права во областите кои според Уставот самостојно ги уредуваат;

— можности за тоа во единствениот правен систем работните и интересните заедници првенствено и самоуправно да ги уредуваат своите внатрешни односи, меѓусебните обврски и организацијата на работата;

— зацврстување и развивање на правните и организационите средства за ефикасно и систематско остварување на начелата на уставноста и законитоста и јакнењето одговорноста за спроведување и извршување на законите заради што попотполно остварување и заштита на слободите и правата на граѓаните;

— обезбедување на што поголема стабилност на законите и другите републички прописи и остварување на нивната меѓусебна усогласеност;

— создавање можност општините и работните организации со свои прописи односно општи акти да го обезбедуваат остварувањето на законите во случаите кога не е неопходно таквите овластувања да им се доверуваат на Извршниот совет или на републичките органи на управата.

III

Целосното остварување на начелата на Уставот и на законодавната политика налагаат Републиката, во вршењето на законодавната функција, да тргнува од следните принципи:

1. Републичките закони треба да ги уредуваат само оние односи, што заради нивното општо значење, изискуваат еднообразно нормирање во целата република или што, по својот карактер и според Уставот не се предмет на самоуправно нормирање во општините и работните организации или на самоуправно и општествено договарање. Со ваква своја содржина и обем тие ќе придонесуваат за натамошниот развој на самоуправувањето и остварувањето на нормативната функција на општините и работните организации.

2. Во работите кои се однесуваат на работните организации, со закон треба да се регулираат односите што се од општествено значење, како што се определени односи што произлегуваат од работата со средствата во општествена сопственост и извршување на обврските спрема општествената заедница и сл.

3. Со закон треба да се обезбедат правни средства за остварување и заштита правата и интересите на граѓаните и организациите во случаите кога на работната организација и се даваат јавни овластувања и право сама да регулира определени односи од кои зависи остварување правото и обврските на други организации и на граѓаните.

4. Во случаите кога природата на одделни односи во работните организации бара законско уредување, нормите треба да имаат по правило диспозитивен карактер за да можат да дојдат до израз особеностите на секоја работна организација без да се повредува единството на правниот систем.

5. Учеството на државните органи во донесувањето на статутите и другите општи акти на работните организации треба да се ограничи на оние одредби со кои се уредуваат работите од посебен општествен интерес, со тоа што таквото учество да не ја стеснува самоуправноста и самостојноста на работните организации. Согласно со тоа би требало што пошироко да се користи институтот на претходно разгледување на општите акти, а само по исключок да се предвидува давање потврда или согласност на статути и други општи акти или одделни нивни одредби.

6. Општествените односи кои по својот карактер во нашиот самоуправен систем можат да се уредуваат со самоуправни акти или со самоуправно општествено договарање, не треба да се уредуваат со закон.

7. Содржината и обемот на републичките закони треба да биде резултат на согледаната состојба и потреби на областа што се уредува со закон.

IV

Натамошното суштинско усогласување на законите со Уставот и правниот систем и остварувањето принципите на законодавната политика треба да се обезбеди со ревизијата на постојното републичко законодавство.

Ревизијата на републичкото законодавство треба да се насочи особено:

а) кон нужно стеснување подрачјето на нормативната функција на Републиката заради проширување можностите за самоуправна нормативна дејност на општините и работните и другите самоуправни организации, како и заради создавање услови за тоа граѓаните и работните луѓе самостојно да решаваат за своите заеднички интереси во општината и работната организација;

б) кон отстранување на внатрешните неусогласености, непотполности и непрецизности во законите;

в) кон остварување на рационализација на републичките закони.

Врз истите принципи треба да се спроведе и ревизија на другите републички прописи (подзаконски акти).

Ревизијата на републичкото законодавство во оние правни подрачја кои се поврзани со процесот на ревизијата на сојузното законодавство треба да се спроведува паралелно.

V

1. За остварување целите и спроведувањето на принципите утврдени со оваа резолуција, покрај другото, неопходно е во сите фази на подготвувањето на законите и другите општи акти да се остварува што понепосредна и активна соработка на Собранието и другите републички органи со собранијата на општините и со нивните органи, како и со општествено-политичките организации и научни и стручни установи и здруженија.

2. Соработката на Собранието и на републичките органи со Сојузната скупштина и сојузните органи е од посебно значење за остварување целите и спроведувањето принципите на законодавната политика, особено по прашањата за ревизија на законодавството, изградувањето на правниот систем и системот на републичкото законодавство. За остварување на оваа соработка во сите фази на подготовките на сојузните закони и другите општи акти, телата на Собранието и републичките органи треба да покажуваат потребна иницијатива и активно да учествуваат.

Оваа соработка ќе придонесе и за благовремено донесување на републички закон кога тоа е неопходно за остварување на соодветниот сојузен закон.

3. Остварувањето на новата законодавна политика на Федерацијата влијае врз проширување обемот и содржината на републичкото законодавство. Поради тоа, а за да се оствари усогласување помеѓу законодавството на републиките потребно е да се остварува организирана и систематска соработка помеѓу нив.

4. За спроведување на ревизија на републичкото законодавство треба да се образуваат комисии за ревизија на одделни области на републичкото законодавство.

Овие комисии да ги образуваат соодветните одбори на соборите односно Извршниот совет и во нив, покрај пратеници, да се именуваат и научни и стручни работници.

Комисиите во остварувањето на своите задачи непосредно да соработуваат со соодветните комисии на Сојузната скупштина.

Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ ќе ја обезбеди и остварува организацијата и координацијата на целокупната активност околу ревизијата на законите.

VI

Изложените принципи на законодавната политика на Републиката ја зголемуваат улогата и одговорноста на Извршниот совет, одборите и комисиите на Собранието, како и на републичките органи на управата во областа на законодавството. За да се обезбеди овие принципи доследно и целосно да се спроведуваат во идната законодавна практика, нужно е да се преземат соодветни организациони и други мерки.

Потребно е да се усовршат и методите на законодавната дејност што ќе овозможат што поповолни услови за творечката иницијатива, за пошироко комуницирање и соработка на сите заинтересирани фактори во подготвувањето на законите. За таа цел неопходно е да се оствари што поцелосна поактивна и посодржајна соработка како со општинските собранија, така и со други фактори и самоуправни организации (Сојузот на синдикатите, Комората, здруженијата, научните установи итн.). Посебно е потребно во законодавниот процес да се обезбеди соработка на оние фактори што имаат посебна улога во примената на прописите, како што се судовите, обвинителствата и управните органи.

Правното формулирање на општествено-економските и политичките односи бара подлабоко согледување и научна обработка. Потребно е да се развива иницијатива и творечка дејност на научните установи и на научните работници особено во проучување на теоретските основи неопходни за определување на новите институти и правните односи на нашиот правен систем.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 333
26 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев** с. р.

---

**111.**

Врз основа на член 15 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ" број 9/67), Собранието на СР Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 10 април 1969 година, и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 21 април 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ" — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Статутот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" — Скопје што го донесе работната заедница на Институтот на својата седница, одржана на 14-VI-1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1351
22 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев** с. р.

---

**112.**

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ПРАТЕНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

ДО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
— РЕПУБЛИЧКИ СОБОР —

СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ги прими изборните акти од општинските изборни комисии за избор на пратеници на Собранието, се состана и на Републичкиот собор, во смисла на член 120 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 4/1969), му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ПРАТЕНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Изборот на пратениците за Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, согласно Решението на Претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Маке-

донија бр. 634 од 24. II. 1969 година, објавено во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 8/1969 година, се одржа на 13 април 1969 година и тоа за кандидатите чии кандидатури беа потврдени од надлежните општински изборни комисии.

II. Резултатите од изборот на пратениците за Републичкиот собор по изборни единици ги утврдија општинските изборни комисии за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на начин што е утврден во член 114, 115, 116, 117, 118 и 119 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

III. Имињата на кандидатите за пратеници на Републичкиот собор на Собранието како и изборните единици во кои се тие кандидирани, Републичката изборна комисија согласно член 91 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ги објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 13/1969 година.

IV. Со спроведувањето на изборите за изборот на пратениците на Републичкиот собор на Собранието, под грижата на Републичката изборна комисија, раководеа општински изборни комисии, именувани од страна на оваа комисија со Решение бр. 43 од 13. II. 1969 година („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 8/1969 година).

V. Републичката изборна комисија ги прегледа актите што се однесуваат на изборот на пратениците на Републичкиот собор и во утврдените за избрани, не најде на неправилности што би имале битно влијание на резултатот од изборите.

VI. На избраните пратеници на Републичкиот собор, надлежните општински изборни комисии, во смисла на член 119 став 2 им издадоа уверенија дека се избрани.

VII. Резултатите од изборот по изборни единици и според Решението на Претседателот на Собранието со кое се распишани изборите, се следни:

1. Во изборната единица Берово од запишаните 12.457 избирачи гласале 9.887, од кои за кандидатот Ванчо Чучевски 7.678.

Неважечки гласачки ливчиња има 2.208.

За пратеник е избран ВАНЧО ЧУЧЕВСКИ, од Берово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

2. Во изборната единица Битола I од запишаните 12.063 избирачи гласале 8.332, од кои:

За кандидатот Мишко Велевски 2.644.

За кандидатот Стојан Бендевски 4.965.

Неважечки гласачки ливчиња има 723.

За пратеник е избран СТОЈАН БЕНДЕВСКИ, од Битола што добил најголем број на гласови.

3. Во изборната единица Битола II од запишаните 8.881 избирачи гласале 6.155, од кои:

За кандидатот Гога Ѓеоргиевски 3.146.

За кандидатот Кочо Лозановски 2.487.

Неважечки гласачки ливчиња има 522.

За пратеник е избран ГОГА ЃЕОРГИЕВСКИ, од Битола што добил најголем број на гласови.

4. Во изборната единица Битола III од запишаните 10.889 избирачи гласале 7.521, од кои:

За кандидатот Елени Јанева 2.489.

За кандидатот Раде Петровски 4.274.

Неважечки гласачки ливчиња има 758.

За пратеник е избран РАДЕ ПЕТРОВСКИ, од Битола што добил најголем број на гласови.

5. Во изборната единица Битола IV од запишаните 14.113 избирачи гласале 8.769, од кои за кандидатот Драган Захариевски 7.942.

Неважечки ливчиња има 827.

За пратеник е избран ДРАГАН ЗАХАРИЕВСКИ од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

6. Во изборната единица Битола V од запишаните 6.526 избирачи гласале 4.970, од кои:

За кандидатот Никола Фотев 1.715.

За кандидатот Аце Ристевски 2.565.

За кандидатот Коца Василева 540.

Неважечки гласачки ливчиња има 150.

За пратеник е избран АЦЕ РИСТЕВСКИ, од Битола што добил најголем број на гласови.

7. Во изборната единица Битола VI од запишаните 7.682 избирачи гласале 5.419, од кои за кандидатот Ѓеорги Узуновски 4.444.

Неважечки гласачки ливчиња има 925.

За пратеник е избран ЃЕОРЃИ УЗУНОВСКИ од Битола за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

8. Во изборната единица Битола VII од запишаните 6.150 избирачи гласале 5.345, од кои за кандидатот Кице Најдовски 3.892.

Неважечки гласачки ливчиња има 1,453.

За пратеник е избран КИЦЕ НАЈДОВСКИ, од Битола за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

9. Во изборната единица Битола VIII од запишаните 6.011 избирачи гласале 5.203, од кои:

За кандидатот Дојчин Апчевски 2.044.

За кандидатот Вељо Пантаров 1.717.

За кандидатот Најдо Трајчевски—Мојанче 1.215.

Неважечки гласачки ливчиња има 227.

За пратеник е избран ДОЈЧИН АПЧЕВСКИ, од Битола што добил најголем број на гласови.

10. Во изборната единица Брод од запишаните 9.770 избирачи гласале 8.239, од кои:

За кандидатот Бошко Стефановски 4.330.

За кандидатот Димитрија Стефаноски 1.058.

За кандидатот Стојмир Столески 2.111.

За кандидатот Стојко Јовески 505.

Неважечки гласачки ливчиња има 235.

За пратеник е избран БОШКО СТЕФАНОСКИ, од село Волче што добил најголем број на гласови.

11. Во изборната единица Валандово од запишаните 5.315 избирачи гласале 4.613, од кои:

За кандидатот Младен Павлов 2.730.

За кандидатот Илија Петров 1.698.

Неважечки гласачки ливчиња има 185.

За пратеник е избран МЛАДЕН ПАВЛОВ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

12. Во изборната единица Виница од запишаните 8.905 избирачи гласале 7.650, од кои за кандидатот Кирил Михајловски — Груица 6.882.

Неважечки гласачки ливчиња има 768.

За пратеник е избран КИРИЛ МИХАЈЛОВСКИ — ГРУИЦА, од Белград за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

13. Во изборната единица Гевгелија I од запишаните 10.015 избирачи гласале 8.505, од кои:

За кандидатот Душко Колев 3.728.

За кандидатот Ванчо Бал'мов 4.213.

Неважечки гласачки ливчиња има 564.

За пратеник е избран ВАНЧО БАЛ'МОВ, од село Прдејци што добил најголем број на гласови.

14. Во изборната единица Гевгелија II од запишаните 6.354 избирачи гласале 5.804, од кои:

За кандидатот Ѓорги Зајков 2.022.

За кандидатот Мито Теменугов 2.559.

За кандидатот Митко Чакалов 822.

Неважечки гласачки ливчиња има 401.

За пратеник е избран МИТО ТЕМЕНУГОВ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

15. Во изборната единица Гостивар I од запишаните 11.333 избирачи гласале 8.296, од кои:

За кандидатот Методија Стефаноски 3.794.

За кандидатот Стојче Ѓорѓиевски 4.126.

Неважечки гласачки ливчиња има 376.

За пратеник е избран СТОЈЧЕ ЃОРЃИЕВСКИ, од Гостивар што добил најголем број на гласови.

16. Во изборната единица Гостивар II од запишаните 7.258 избирачи гласале 5.681, од кои:
За кандидатот Алаедин Тоска 1.355.
За кандидатот Незир Незири 2.340.
За кандидатот Демирали Мемети 1.486.
За кандидатот Ваит Османи 287.
Неважечки гласачки ливчиња има 213.
За пратеник е избран НЕЗИР НЕЗИРИ, од Гостивар што добил најголем број на гласови.

17. Во изборната единица Гостивар III од запишаните 10.154 избирачи гласале 7.838, од кои за кандидатот Азем Зулфиќари 5.614.
Неважечки гласачки ливчиња има 2.224.
За пратеник е избран АЗЕМ ЗУЛФИЌАРИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

18. Во изборната единица Гостивар IV од запишаните 5.863 избирачи гласале 4.767, од кои за кандидатот Аризан Несторовски—Марче 4.669.
Неважечки гласачки ливчиња има 98.
За пратеник е избран АРИЗАН НЕСТОРОВСКИ — МАРЧЕ од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

19. Во изборната единица Гостивар V од запишаните 6.881 избирачи гласале 5.723, од кои:
За кандидатот Бедри Османи 1.996.
За кандидатот Абдула Абдулаи 1.882.
За кандидатот Рефик Селими 860.
За кандидатот Куртали Адили 531.
За кандадитот Мусли Фидани 339.
Неважечки гласачки ливчиња има 115.
За пратеник е избран БЕДРИ ОСМАНИ, од Гостивар што добил најголем број на гласови.

20. Во изборната единица Дебар од запишаните 8.616 избирачи гласале 7.036, од кои за кандидатот Шабан Ќемали 6.726.
Неважечки гласачки ливчиња има 310.
За пратеник е избран ШАБАН ЌЕМАЛИ, од Дебар за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

21. Во изборната единица Делчево од запишаните 11.260 избирачи гласале 9.630, од кои:
За кандидатот Драган Арсов 6.277.
За кандидатот Драган Грљански 3.061.
Неважечки гласачки ливчиња има 292.
За пратеник е избран ДРАГАН АРСОВ, од Делчево што добил најголем број на гласови.

22. Во изборната единица Демир Хисар од запишаните 10.227 избирачи гласале 8.765, од кои за кандидатот Златко Биљановски 8.380.
Неважечки гласачки ливчиња има 385.
За пратеник е избран ЗЛАТКО БИЉАНОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

23. Во изборната единица Кавадарци I од запишаните 11.469 избирачи гласале 9.712, од кои:
За кандидатот Јанаќи Мицев 4.815.
За кандидатот Петар Андов 4.307.
Неважечки гласачки ливчиња има 590.
За пратеник е избран ЈАНАЌИ МИЦЕВ, од Кавадарци што добил најголем број на гласови.

24. Во изборната единица Кавадарци II од запишаните 8.729 избирачи гласале 7.805, од кои:
За кандидатот Ѓорѓи Русковски 4.513.
За кандидатот Добре Ставрев 2.645.
Неважечки гласачки ливчиња има 647.
За пратеник е избран ЃОРЃИ РУСКОВСКИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

25. Во изборната единица Кичево I од запишаните 8.020 избирачи гласале 6.017, од кои за кандидатот Томе Буклески 5.685.
Неважечки гласачки ливчиња има 333.
За пратеник е избран ТОМЕ БУКЛЕСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

26. Во изборната единица Кичево II од запишаните 5.841 избирачи гласале 5.056, од кои за кандидатот Борис Алексоски 4.525.
Неважечки гласачки ливчиња има 531.
За пратеник е избран БОРИС АЛЕКСОСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

27. Во изборната единица Кичево III од запишаните 9.210 избирачи гласале 7.376, од кои:
За кандидатот Беџети Беџет 3.267.
За кандидатот Селими Ахмед 2.180.
За кандидатот Зенку Есат 1.608.
Неважечки гласачки ливчиња има 321.
За пратеник е избран БЕЏЕТИ БЕЏЕТ, од Кичево што добил најголем број на гласови.

28. Во изборната единица Кочани I од запишаните 9.027 избирачи гласале 7.086, од кои за кандидатот Стојан Трендов 5.211.
Неважечки гласачки ливчиња има 1.875.
За пратеник е избран СТОЈАН ТРЕНДОВ од Кочани за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

29. Во изборната единица Кочани II од запишаните 7.921 избирачи гласале 6.746, од кои:
За кандидатот Славе Паунов 4.158.
За кандидатот Киро Данаилов 2.018.
Неважечки гласачки ливчиња има 568.
За пратеник е избран СЛАВЕ ПАУНОВ, од Кочани што добил најголем број на гласови.

30. Во изборната единица Кочани III од запишаните 7.749 избирачи гласале 6.905, од кои:
За кандидатот Трифун Манајлов 3.067.
За кандидатот Лазар Ефтимов 3.583.
Неважечки гласачки ливчиња има 255.
За пратеник е избран ЕФТИМОВ ЛАЗАР, од Кочани што добил најголем број на гласови.

31. Во изборната единица Кратово од запишаните 9.167 избирачи гласале 7.786, од кои:
За кандидатот Митко Мијалковски 5.197.
За кандидатот Витомир Маџаров 2.315.
Неважечки гласачки ливчиња има 274.
За пратеник е избран МИТКО МИЈАЛКОВСКИ, од Кратово што добил најголем број на гласови.

32. Во изборната единица Крива Паланка I од запишаните 9.817 избирачи гласале 7.531, од кои:
За кандидатот Смиле Петровски 3.281.
За кандидатот Љубомир Стојчевски—Ронко 2.603.
За кандидатот Раде Цветановски 1.411.
Неважечки гласачки ливчиња има 236.
За пратеник е избран СМИЛЕ ПЕТРОВСКИ, од Крива Паланка што добил најголем број на гласови.

33. Во изборната единица Крива Паланка II од запишаните 7.871 избирачи гласале 5.956, од кои:
За кандидатот Стојко Ивановски 2.277.
За кандидатот д-р Стојан Дејановски 3.496.
Неважечки гласачки ливчиња има 183.
За пратеник е избран д-р СТОЈАН ДЕЈАНОВСКИ, од Крива Паланка што добил најголем број на гласови.

34. Во изборната единица Крушево од запишаните 8.013 избирачи гласале 6.479, од кои за кандидатот Џоца Николовски 6.176.
Неважечки гласачки ливчиња има 308.
За пратеник е избран ЏОЦА НИКОЛОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

35. Во изборната единица Куманово I од запишаните 6.611 избирачи гласале 5.302, од кои за кандидатот Јездимир Богдански 4.535.
Неважечки гласачки ливчиња има 767.

За пратеник е избран ЈЕЗДИМИР БОГДАНСКИ, од Куманово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

36. Во изборната единица Куманово II од запишаните 8.995 избирачи гласале 7.342, од кои:
За кандидатот Стојка Михајловска 1.299.
За кандидатот Дане Цеков 2.509.
За кандидатот Киро Цимрев 1.103.
За кандидатот Бошко Зизовски 1.737.
Неважечки гласачки ливчиња има 694.
За пратеник е избран ДАНЕ ЦЕКОВ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

37. Во изборната единица Куманово III од запишаните 10.362 избирачи гласале 8.461, од кои за кандидатот инж. Томе Атанасовски 7.749.
Неважечки гласачки ливчиња има 702.
За пратеник е избран инж. ТОМЕ АТАНАСОВСКИ, од Куманово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

38. Во изборната единица Куманово IV од запишаните 10.092 избирачи гласале 7.853, од кои за кандидатот Абдула Османи 6.218.
Неважечки гласачки ливчиња има 1.635.
За пратеник е избран АБДУЛА ОСМАНИ, од Куманово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

39. Во изборната единица Куманово V од запишаните 9.869 избирачи гласале 9.400, од кои:
За кандидатот Евзи Мемети 5.342.
За кандидатот Реџеп Бајро 3.141.
За кандидатот Ќемаил Мустафа 694.
Неважечки гласачки ливчиња има 223.
За пратеник е избран ЕВЗИ МЕМЕТИ, од Куманово што добил најголем број на гласови.

40. Во изборната единица Куманово VI од запишаните 8.335 избирачи гласале 7.727, од кои за кандидатот Новко Цаневски 7.125.
Неважечки гласачки ливчиња има 602.
За пратеник е избран НОВКО ЦАНЕВСКИ, од Куманово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

41. Во изборната единица Куманово VII од запишаните 9.143 избирачи гласале 8.139, од кои:
За кандидатот Спирко Ангеловски 4.745.
За кандидатот Перо Менков 2.885.
Неважечки гласачки ливчиња има 509.
За пратеник е избран СПИРКО АНГЕЛОВСКИ, од Куманово што добил најголем број на гласови.

42. Во изборната единица Неготино од запишаните 9.421 избирачи гласале 7.987, од кои за кандидатот Ванчо Николовски 7.541.
Неважечки гласачки ливчиња има 446.
За пратеник е избран ВАНЧО НИКОЛОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

43. Во изборната единица Охрид I од запишаните 8.461 избирачи гласале 6.211, од кои за кандидатот Лазар Колишевски 6.053.
Неважечки гласачки ливчиња има 158.
За пратеник е избран ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

44. Во изборната единица Охрид II целата изборна постапка се повторува — член 115 став 2 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија. Единствениот кандидат не го доби потребното мнозинство на гласови од сите избирачи запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

45. Во изборната единица Охрид III од запишаните 6.255 избирачи гласале 4.961, од кои:
За кандидатот Никола Новески 1.255.
За кандидатот Новко Ангеловски 1.319.
За кандидатот Мито Савевски 771.
За кандидатот Алексо Србиноски 941.
За кандидатот Димче Суклоски 530.
Неважечки гласачки ливчиња има 145.
За пратеник е избран НОВКО АНГЕЛОСКИ, од Охрид што добил најголем број на гласови.

46. Во изборната единица Охрид IV од запишаните 7.338 избирачи гласале 5.505, од кои:
За кандидатот Мито Спироски 1.658.
За кандидатот Владо Настоски 1.493.
За кандидатот Христафил Кузманоски 2.104.
Неважечки гласачки ливчиња има 250.
За пратеник е избран ХРИСТАФИЛ КУЗМАНОВСКИ, од село Вапила што добил најголем број на гласови.

47. Во изборната единица Прилеп I од запишаните 8.321 избирачи гласале 6.240, од кои:
За кандидатот Душан Тодоровски 1.446.
За кандидатот Трајче Попоски 3.057.
За кандидатот Киро Илиоски 1.043.
Неважечки гласачки ливчиња има 694.
За пратеник е избран ТРАЈЧЕ ПОПОСКИ, од Прилеп што добил најголем број на гласови.

48. Во изборната единица Прилеп II од запишаните 8.602 избирачи гласале 6.413, од кои:
За кандидатот Илија Адамоски 2.649.
За кандидатот Христо Грабулоски 1.777.
За кандидатот Томе Дреноски 1.184.
Неважечки гласачки ливчиња има 798.
За пратеник е избран ИЛИЈА АДАМОСКИ, од Прилеп што добил најголем број на гласови.

49. Во изборната единица Прилеп III од запишаните 9.178 избирачи гласале 6.942, од кои за кандидатот Тодорка Спироска 5.786.
Неважечки гласачки ливчиња има 1.156.
За пратеник е избрана ТОДОРКА СПИРОСКА, од Прилеп за која гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

50. Во изборната единица Прилеп IV од запишаните 8.900 избирачи гласале 7.347, од кои за кандидатот Киро Димитриоски 6.299.
Неважечки гласачки ливчиња има 1.048.
За пратеник е избран КИРО ДИМИТРИОСКИ, од Прилеп за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

51. Во изборната единица Прилеп V од запишаните 8.722 избирачи гласале 6.965, од кои:
За кандидатот Владимир Спасески 2.282
За кандидатот Илија Рочески 3.050
За кандидатот Никола Илиески 1.301
Неважечки гласачки ливчиња има 392.
За пратеник е избран ИЛИЈА РОЧЕСКИ од Прилеп што добил најголем број на гласови.

52. Во изборната единица Прилеп VI од запишаните 6.363 избирачи гласале 5.149, од кои:
За кандидатот Киро Пашоски 1.675
За кандидатот Илија Сипкоски 3.165
Неважечки гласачки ливчиња има 309
За пратеник е избран ИЛИЈА СИПКОСКИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

53. Во изборната единица Прилеп VII од запишаните 7.709 избирачи гласале 6.442, од кои за кандидатот Киро Базерко 5.771.
Неважечки гласачки ливчиња има 671.
За пратеник е избран КИРО БАЗЕРКО, од Прилеп за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

54. Во изборната единица Пробиштип од запишаните 8.992 избирачи гласале 7.768, од кои:
За кандидатот Атанас Стојановски 2.005
За кандидатот Воислав Пановски 2.168
За кандидатот Радослав Михаиловски 3.142
Неважечки гласачки ливчиња има 453.

За пратеник е избран РАДОСЛАВ МИХАИЛОВСКИ, од Злетово што добил најголем број на гласови.

55. Во изборната единица Радовиш I од запишаните 7.744 избирачи гласале 6.807, од кои за кандидатот Мориц Романо 6.498.

Неважечки гласачки ливчиња има 309.

За пратеник е избран МОРИЦ РОМАНО од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

56. Во изборната единица Радовиш II од запишаните 5.834 избирачи гласале 5.396, од кои за кандидатот Васо Костадинов 5.329

Неважечки гласачки ливчиња има 67.

За пратеник е избран ВАСО КОСТАДИНОВ, од Радовиш за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

57. Во изборната единица Ресен I од запишаните 6.588 избирачи гласале 5.756, од кои:

За кандидатот Зија Реџепи 1.598

За кандидатот Хаде Асановски 971

За кандидатот Јонче Теговски 2.960

Неважечки гласачки ливчиња има 227.

За пратеник е избран ЈОНЧЕ ТЕГОВСКИ, од село Грнчари што добил најголем број на гласови.

58. Во изборната единица Ресен II од запишаните 6.805 избирачи гласале 5.841, од кои:

За кандидатот Ѓорѓи Прцуловски 2.789

За кандидатот Ване Нечовски 2.877

Неважечки гласачки ливчиња има 175.

За пратеник е избран ВАНЕ НЕЧОВСКИ, од Ресен што добил најголем број на гласови.

59. Во изборната единица Свети Николе I од запишаните 7.272 избирачи гласале 6.768, од кои за кандидатот Стојан Пановски 6.491.

Неважечки гласачки ливчиња има 277.

За пратеник е избран СТОЈАН ПАНОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

60. Во изборната единица Свети Николе II од запишаните 5.152 избирачи гласале 4.818, од кои за кандидатот Ванчо Бурзовски 4.585.

Неважечки гласачки ливчиња има 233.

За пратеник е избран ВАНЧО БУРЗОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

61. Во изборната единица Скопје I од запишаните 9.414 избирачи гласале 8.087, од кои за кандидатот Никола Минчев 7.648.

Неважечки гласачки ливчиња има 439.

За пратеник е избран НИКОЛА МИНЧЕВ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

62. Во изборната единица Скопје II од запишаните 8.785 избирачи гласале 7.180, од кои за кандидатот Ксенте Богоев 6.693.

Неважечки гласачки ливчиња има 487.

За пратеник е избран КСЕНТЕ БОГОЕВ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

63. Во изборната единица Скопје III од запишаните 6.859 избирачи гласале 5.913 од кои:

За кандидатот Родна Менкова 2.693

За кандидатот Ванчо Цветковски 2.875

Неважечки гласачки ливчиња има 345.

За пратеник е избран ВАНЧО ЦВЕТКОВСКИ од Скопје што добил најголем број на гласови.

64. Во изборната единица Скопје IV од запишаните 8.774 избирачи гласале 7.335, од кои за кандидатот Милка Таќева 6.615.

Неважечки гласачки ливчиња има 720.

За пратеник е избрана МИЛКА ТАЌЕВА, од Скопје за која гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

65. Во изборната единица Скопје V од запишаните 10.394 избирачи гласале 8.542, од кои:

За кандидатот Фана Кочовска-Цветковиќ 4.560

За кандидатот Киро Сотировски-Строгов 3.484

Неважечки гласачки ливчиња има 498.

За пратеник е избрана ФАНА КОЧОВСКА-ЦВЕТКОВИЌ од Скопје што добила најголем број на гласови.

66. Во изборната единица Скопје VI од запишаните 13.063 избирачи гласале 9.937, од кои:

За кандидатот Негре Новаковски 4.194

За кандидатот Урош Андреевски 5.010

Неважечки гласачки ливчиња има 733.

За пратеник е избран УРОШ АНДРЕЕВСКИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

67. Во изборната единица Скопје VII од запишаните 11.532 избирачи гласале 9.426, од кои:

За кандидатот Боге Кузмановски 5.288

За кандидатот Љубе Боцевски 3.431

Неважечки гласачки ливчиња има 707

За пратеник е избран БОГЕ КУЗМАНОВСКИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

68. Во изборната единица Скопје VIII од запишаните 9.012 избирачи гласале 7.276, од кои:

За кандидатот Нико Тодоровски 3.915

За кандидатот Војне Милановски 2.735

Неважечки гласачки ливчиња има 626

За пратеник е избран НИКО ТОДОРОВСКИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

69. Во изборната единица Скопје IX од запишаните 14.300 избирачи гласале 11.808, од кои: за кандидатот Васко Теговски 10.926.

Неважечки гласачки ливчиња има 882.

За пратеник е избран ВАСКО ТЕГОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

70. Во изборната единица Скопје X од запишаните 10.683 избирачи гласале 8.682, од кои за кандидатот Предраг Кушевски 8.140.

Неважечки гласачки ливчиња има 542.

За пратеник е избран ПРЕДРАГ КУШЕВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

71. Во изборната единица Скопје XI од запишаните 11.196 избирачи гласале 10.392, од кои:

За кандидатот Џавид Беговски 2.224.

За кандидатот Бранко Челигиќ 4.492

За кандидатот Абди Фаик 3.401

Неважечки гласачки ливчиња има 275.

За пратеник е избран БРАНКО ЧЕЛИГИЌ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

72. Во изборната единица Скопје XII од запишаните 8.220 избирачи гласале 6.793, од кои за кандидатот Шукри Рамо 4.866.

Неважечки гласачки ливчиња има 1.927.

За пратеник е избран ШУКРИ РАМО, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

73. Во изборната единица Скопје XIII од запишаните 9.114 избирачи гласале 7.918, од кои:

За кандидатот Абдула Укшини 3.315

За кандидатот Бари Ахмети 2.986

Неважечки гласачки ливчиња има 1.417.

За пратеник е избран АБДУЛА УКШИНИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

74. Во изборната единица Скопје XIV од запишаните 11.208 избирачи гласале 8.759, од кои:

За кандидатот Алексо Кипровски 1.846

За кандидатот Љубе Стојановски 1.969

За кандидатот Милан Богдановски 806

За кандидатот Димче Ивановски 3.282

Неважечки гласачки ливчиња има 856

За пратеник е избран ДИМЧЕ ИВАНОВСКИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

75. Во изборната единица Скопје XV од запишаните 10.712 избирачи гласале 8.941, од кои:

За кандидатот Блаже Пупулевски 3.658
За кандидатот Киро Михајловски 4.584
Неважечки гласачки ливчиња има 699.
За пратеник е избран КИРО МИХАЈЛОВСКИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

76. Во изборната единица Скопје XVI од запишаните 9.921 избирачи гласале 7.966, од кои:
За кандидатот Милош Поп Димитров 4.551
За кандидатот Никола Радуловиќ 3.133
Неважечки гласачки ливчиња има 282.
За пратеник е избран МИЛОШ ПОП ДИМИТРОВ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

77. Во изборната единица Скопје XVII од запишаните 13.726 избирачи гласале 11.423, од кои за кандидатот Крсте Марковски 10.829.
Неважечки гласачки ливчиња има 594.
За пратеник е избран КРСТЕ МАРКОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

78. Во изборната единица Скопје XVIII од запишаните 12.815 избирачи гласале 9.811, од кои за кандидатот Мирко Маринковски 8.999.
Неважечки гласачки ливчиња има 812.
За пратеник е избран МИРКО МАРИНКОВСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

79. Во изборната единица Скопје XIX од запишаните 10.821 избирачи гласале 10.318, од кои:
За кандидатот Јонузи Рамадан 4.388
За кандидатот Бислими Меџаит 5.712
Неважечки гласачки ливчиња има 218.
За пратеник е избран БИСЛИМИ МЕЏАИТ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

80. Во изборната единица Струга I од запишаните 10.772 избирачи гласале 8.451, од кои:
За кандидатот Јован Стрезовски 3.183
За кандидатот Трајан Хиохи 4.961
Неважечки гласачки ливчиња има 307.
За пратеник е избран ТРАЈАН ХИОХИ, од Струга што добил најголем број на гласови.

81. Во изборната единица Струга II од запишаните 7.158 избирачи гласале 5.598, од кои:
За кандидатот Лиман Положани 3.226
За кандидатот Беќир Жута 2.057
Неважечки гласачки ливчиња има 315.
За пратеник е избран ЛИМАН ПОЛОЖАНИ, од село Ливада што добил најголем број на гласови.

82. Во изборната единица Струга III од запишаните 7.981 избирачи гласале 5.973, од кои:
За кандидатот Будимир Калајџиски 1.381
За кандидатот Илија Каланоски 591
За кандидатот Благоја Парталоски 675
За кандидатот Станко Маркоски 836
За кандидатот Азис Мустафоски 678
Неважечки гласачки ливчиња има 261.
За пратеник е избран БУДИМИР КАЛАЈЏИСКИ, од село Вевчани што добил најголем број на гласови.

83. Во изборната единица Струмица I, изборите не се одржаа и изборната постапка ќе се повтори — член 89 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија. Во оваа изборна единица единствениот кандидат на 5. IV. 1969 година се откажа од потврдената кандидатура. Нова кандидатура не се поднесе во определениот рок и надлежната општинска изборна комисија, изборите ги распиша и го определи денот на одржувањето на изборите во оваа изборна единица.

84. Во изборната единица Струмица II од запишаните 10.461 избирачи гласале 9.316, од кои:
За кандидатот Божидар Милановиќ 4.356
За кандидатот Миле Колев 4.632
Неважечки гласачки ливчиња има 328.
За пратеник е избран МИЛЕ КОЛЕВ, од Струмица што добил најголем број на гласови.

85. Во изборната единица Струмица III, согласно член 117, поради неправилности во гласањето во целата изборна единица, повторно ќе се одржи гласањето. Општинската изборна комисија со седиште во Струмица како надлежна утврди дека при спроведувањето на изборите во целата изборна единица има неправилности кои имале битно влијание на резултатот од изборите. Општинската изборна комисија определи повторно гласање.

86. Во изборната единица Струмица IV од запишаните 11.247 избирачи гласале 10.095, од кои:
За кандидатот Димитрија Стоиловски 2.442
За кандидатот Панче Ајдински 3.621
За кандидатот Илија Илиевски 1.779
За кандидатот Ристо Милчев 1.655
Неважечки гласачки ливчиња има 327.
За пратеник е избран ПАНЧЕ АЈДИНСКИ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

87. Во изборната единица Тетово I од запишаните 8.965 избирачи гласале 7.635, од кои за кандидатот Џулем Махмути 5.881.
Неважечки гласачки ливчиња има 1.754.
За пратеник е избран ЏУЛЕМ МАХМУТИ, од Тетово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

88. Во изборната единица Тетово II од запишаните 11.343 избирачи гласале 9.176, од кои за кандидатот Хиџет Рамадани 8.596.
Неважечки гласачки ливчиња има 580.
За пратеник е избран ХИЏЕТ РАМАДАНИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

89. Во изборната единица Тетово III од запишаните 9.053 избирачи гласале 7.174, од кои за кандидатот Драган Спироски 6.717.
Неважечки гласачки ливчиња има 457.
За пратеник е избран ДРАГАН СПИРОСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

90. Во изборната единица Тетово IV од запишаните 13.949 избирачи гласале 11.675, од кои:
За кандидатот Бурхан Небиу 6.841
За кандидатот Ахмед Хаџиасани 1.995
За кандидатот Накил Абдиу 2.490
Неважечки гласачки ливчиња има 349.
За пратеник е избран БУРХАН НЕБИУ од Тетово што добил најголем број на гласови.

91. Во изборната единица Тетово V од запишаните 6.952 избирачи гласале 5.376, од кои:
За кандидатот Риза Идризи 3.214
За кандидатот Асим Јусуфи 2.015
Неважечки гласачки ливчиња има 147.
За пратеник е избран РИЗА ИДРИЗИ, од Тетово што добил најголем број на гласови.

92. Во изборната единица Тетово VI од запишаните 8.645 избирачи гласале 7.028, од кои за кандидатот Костадин Михајловски 6.858.
Неважечки гласачки ливчиња има 170.
За пратеник е избран КОСТАДИН МИХАЈЛОВСКИ, од Тетово за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

93. Во изборната единица Тетово VII од запишаните 7.455 избирачи гласале 6.034, од кои за кандидатот Душко Атанасоски 5.891.
Неважечки гласачки ливчиња има 143.
За пратеник е избран ДУШКО АТАНАСОСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

94. Во изборната единица Титов Велес I од запишаните 11.938 избирачи гласале 9.873, од кои:
За кандидатот Боро Мокров 6.208
За кандидатот Ќамуран Тахир 2.745
Неважечки гласачки ливчиња има 920.

За пратеник е избран БОРО МОКРОВ, од Скопје што добил најголем број на гласови.

95. Во изборната единица Титов Велес II од запишаните 10.775 избирачи гласале 9.314, од кои:

За кандидатот Методи Зврцињов 3.121

За кандидатот Милан Перчинков 2.045

За кандидатот Душан Иванов 3.330

Неважечки гласачки ливчиња има 818.

За пратеник е избран ДУШАН ИВАНОВ, од Титов Велес што добил најголем број на гласови.

96. Во изборната единица Титов Велес III од запишаните 7.851 избирачи гласале 7.016, од кои за кандидатот Павле Игновски-Секула 6.478.

Неважечки гласачки ливчиња има 538.

За пратеник е избран ПАВЛЕ ИГНОВСКИ-СЕКУЛА, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

97. Во изборната единица Титов Велес IV од запишаните 4.095 избирачи гласале 3.673, од кои:

За кандидатот Драган Лазовски 2.600

За кандидатот Методи Демниевски 892

Неважечки гласачки ливчиња има 181.

За пратеник е избран ДРАГАН ЛАЗОВСКИ, од село Градско што добил најголем број на гласови.

98. Во изборната единица Штип I од запишаните 10.523 избирачи гласале 8.689, од кои за кандидатот Ванчо Апостолски 8.307.

Неважечки гласачки ливчиња има 382.

За пратеник е избран ВАНЧО АПОСТОЛСКИ, од Скопје за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

99. Во изборната единица Штип II од запишаните 7.634 избирачи гласале 6.718, од кои за кандидатот Љупчо Самоников 6.481.

Неважечки гласачки ливчиња има 237.

За пратеник е избран ЉУПЧО САМОНИКОВ, од Штип за кого гласало мнозинството од сите избирачи што се запишани во избирачките списоци на подрачјето на изборната единица.

100. Во изборната единица Штип III од запишаните 4.162 избирачи гласале 4.009, од кои:

За кандидатот Ангел Топликлиев 237

За кандидатот Миле Миновски 2.365

За кандидатот Мане Стојков 1.197

Неважечки гласачки ливчиња има 210.

За пратеник е избран МИЛЕ МИНОВСКИ, од Штип што добил најголем број на гласови.

VIII. Во прилог кон овој извештај Ви се доставуваат изборните акти кои се однесуваат на изборот на пратениците на Републичкиот собор на Собранието на СР Македонија.

Бр. 238
22 април 1969 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски,** с. р.

Претседател,
**Киро Никовски,** с. р.

ЧЛЕНОВИ:

1. **Томе Пулејков,** с. р.
2. **Перо Липковски,** с. р.
3. **Зоге Грујовски,** с. р.
4. **Милорад Антовски,** с. р.
5. **Љубомир Варошлија,** с. р.

**113.**

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ПРАТЕНИЦИТЕ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

ДО СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ги прими изборните акти од општинските изборни комисии за избор на пратеници на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, истите ги разгледа и во смисла на член 149 став 3 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија му го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

### ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ПРАТЕНИЦИТЕ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Изборот на пратеници на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, согласно Решението на претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија број 634 од 24-II-1969 година, објавено во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ број 8/69, се одржаа на 23 април 1969 година во изборните тела во сите општини во Социјалистичка Република Македонија и тоа за кандидатите чии кандидатури беа потврдени од надлежните општински изборни комисии.

II. Резултатите од изборот на пратениците на Стопанскиот собор на Собранието по изборни единици ги утврдија општинските изборни комисии за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на начинот утврден со член 145—149 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

III. Со спроведувањето на изборите за избор на пратеници на Стопанскиот собор на Собранието, под грижата на Републичката изборна комисија, раководеа општинските изборни комисии, именувани од страна на оваа комисија со решение број 43 од 13. II. 1969 година („Службен весник на СРМ“ број 8/69).

IV. Републичката изборна комисија ги прегледа изборните акти што се однесуваат на изборот на пратеници на овој собор и во утврдените за избрани не најде неправилности што би имале битно влијание на резултатот од изборите.

V. На избраните пратеници на Стопанскиот собор, надлежните општински изборни комисии, во смисла на член 149 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, им издадоа уверенија дека се избрани за пратеници.

VI. Резултатите од изборот на пратеници на Стопанскиот собор по изборни единици се следни:

1. Во Изборната единица Берово од 100 членови на изборното тело гласале 100, од кои:

За кандидатот Јован Даскаловски 52

За кандидатот Атанас Точевски 26

За кандидатот Киро Крмарски 20

Неважечки гласачки ливчиња има 2

За пратеник е избран ЈОВАН ДАСКАЛОВСКИ, од Берово што добил најголем број гласови во изборното тело во општината од подрачјето на изборната единица.

2. Во Изборната единица Битола I од 169 членови на изборното тело гласале 157, од кои:

За кандидатот инж. Ацо Кочински 98

За кандидатот Јаков Чаловски 55

Неважни гласачки ливчиња има 4

За пратеник е избран инж. АЦО КОЧИНСКИ од Битола што добил најголем број гласови во изборното тело во општината од подрачјето на изборната единица.

3. Во Изборната единица Битола II од 169 членови на изборното тело гласале 157, од кои:

За кандидатот Јован Костовски 65

За кандидатот Перо Ганчевски 85

Неважни гласачки ливчиња има 7

За пратеник е избран ПЕРО ГАНЧЕВСКИ од Битола што добил најголем број гласови на изборното тело во општината од подрачјето на изборната единица.

4. Во Изборната единица Битола III од 169 членови на изборното тело гласале 157, од кои:

За кандидатот Никола Каранфиловски 81

За кандидатот Драгољуб Димитровски 23

За кандидатот Крсте Лазаревски 29

За кандидатот Митре Димовски 22

Неважни гласачки ливчиња има 2

За пратеник е избран НИКОЛА КАРАНФИЛОВСКИ од Битола што добил најголем број гласови во изборното тело во општината од подрачјето на изборната единица.

5. Во Изборната единица Битола IV од 169 членови на изборното тело гласале 157, од кои:

За кандидатот Павле Ѓеоргиевски 115

Неважни гласачки ливчиња има 42

За пратеник е избран ПАВЛЕ ЃЕОРГИЕВСКИ од Битола за кого гласало мнозинството од сите членови на изборното тело во општината од подрачјето на изборната единица.

6. Во Изборната единица Брод од 90 членови на изборното тело гласале 89, од кои:

За кандидатот Ѓорѓи Павлески 32

За кандидатот Нове Новески 50

За кандидатот Перо Маџоски 5

Неважни гласачки ливчиња има 2

За пратеник е избран НОВЕ НОВЕСКИ од Македонски Брод што добил најголем број гласови во изборното тело во општината од подрачјето на изборната единица.

7. Во Изборната единица Гевгелија од 170 членови на изборното тело гласале 162, од кои:

За кандидатот Атанас Каракамчев 148

Неважни гласачки ливчиња има 14

За пратеник е избран АТАНАС КАРАКАМЧЕВ од Гевгелија за кого гласало мнозинството од сите членови на изборното тело во општината од подрачјето на изборната единица.

8. Во Изборната единица Гостивар I од 180 членови на изборното тело гласале 177, од кои:

За кандидатот Андреа Матевски 74

За кандидатот Најдо Ристоски 100

